Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4270/5 од 18.11.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 18.11.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, бр.05-3587/1 од 29.09.2022 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година остануваат на претходно утврдено ниво, односно изнесуваат 148.504.238,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се дообезбедуваат финансиски средства во вкупен износ од 500.000,00 денари, наменети за топлинска енергија во износ од 250.000,00 денари и зголемување на средствата наменети за надомест за трошоци за ноќевање при службени патувања во странство во износ од 250.000,00 денари.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се извршува со измена на следните позиции:

- Групната ставка **417 – Интелектуални и други услуги** се намалува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 17.754.000,00 денари истата изнесува 17.254.000,00 денари и
- Позицијата **417100 – Договорни услуги** се намалува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 10.650.000,00 денари истата изнесува 10.150.000,00 денари. Се работи за намалување на средства кои беа планирани за спроведување на јавна набавка на услуга – привремени вработувања за потребите на Агенцијата и за наведената јавна набавка се потрошени средства во понизок износ од планираниот.
- Групната ставка **401 – Потрошена енергија** се зголемува за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 13.500.000,00 денари истата изнесува 13.750.000,00 денари и
- Позицијата **401100 – Потрошена топлинска енергија** се зголемува за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 500.000,00 денари истата изнесува 750.000,00 денари. Средствата кои се дообезбедуваат од 250.000,00 денари, се однесуваат за топлинска енергија.
- Групната ставка **413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци** се зголемува за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 2.750.000,00 денари истата изнесува 3.000.000,00 денари и
- Позицијата **413500 – Надомест за трошоци за ноќевање на службени патувања во странство** се зголемува за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 600.000,00 денари истата изнесува 850.000,00 денари. Средствата кои се дообезбедуваат од 250.000,00 денари, се однесуваат за трошоци за ноќевање при служени патувања во странство.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2022 година, со цел да се дообезбедат средства наменети за зголемување на средствата за топлинска енергија и средства за надомест за трошоци за ноќевање при службени патувања во странство во вкупен износ од 500.000,00 денари. За да се дообезбедат 500.000,00 денари, потребно е да се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година и тоа: Групната ставка 417 – Интелектуални и други услуги се намалува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 17.754.000,00 денари, истата изнесува 17.254.000,00 денари. Позицијата 417100 – Договорни услуги се намалува за 500.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 10.650.000,00 денари истата изнесува 10.150.000,00 денари. Групната ставка 401 – Потрошена енергија се зголемува за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 13.500.000,00 денари, истата изнесува 13.750.000,00 денари. Позицијата 401100 – Потрошена топлинска енергија се зголемува за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 500.000,00 денари истата изнесува 750.000,00 денари. Групната ставка 413 – Дневници за службени патувања и патни трошоци се зголемува за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 2.750.000,00 денари, истата изнесува 3.000.000,00 денари. Позицијата 413500 – Надомест за трошоци за ноќевање на службени патувања во странство се зголемува за 250.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 600.000,00 денари истата изнесува 850.000,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2022 година, вкупните планирани расходи според планот остануваат на претходно утврденото ниво, односно истите изнесуваат 148.504.238,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-4270/5 од 18.11.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 18.11.2022 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.** 05-4344/1

21-11- **2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архивата;